ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ДОС
ДИГИПС
Бр. 03-714
10.04 2025 год.
ДЕБАР

Министерство за енергетика, рударство
и минерални суровини
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Ministria e Energjisë, Minerave dhe
Burimeve Minerale
Бр.Nr 31-1164/11
12.03 2025 год.viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 46 став (2) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22, 129/23, 253/23, 147/24 и 49/25), Одлуката за давање согласност за присоединување на Друштвото за производство, трговија и услуги АС ГРАНУЛАТ ДОО експорт - импорт Струга кон Друштвото за трговија и услуги ДИГИПС ДОО Дебар бр.41-61/6 од 30 јануари 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.29/24), членот 22 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Градиште" с.Могорчане, општина Дебар бр.24-458/1 од 18.01.2019 година, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги АС ГРАНУЛАТ ДОО експорт - импорт Струга, Решението за извршена статусна промена бришење на Друштвото за производство, трговија и услуги АС ГРАНУЛАТ ДОО експорт - импорт Струга бр.35020240029606 и Решението за присоединување на Друштвото за производство, трговија и услуги АС ГРАНУЛАТ ДОО експорт - импорт Струга кон Друштвото за трговија и услуги ДИГИПС ДОО Дебар бр.35020240029605, издадено од Централниот регистар на Република Северна Македонија

**1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**застапувана од Министерот за енергетика,**
**рударство и минерални суровини**
Сања Божиновска
**(во натамошниот текст: Концедент) и**

**2. Друштвото за трговија и услуги ДИГИПС ДОО Дебар**
**со адреса:Ул.Ленинова бр.29 Дебар**
**Република Северна Македонија**
**застапувано од лицето: Ваљон Ациреца**
**(во натамошниот текст: Концесионер)**

**на ден _________ 2025 година во Скопје, склучија:**

# А Н Е К С
## НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ВАРОВНИК НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ГРАДИШТЕ" С.МОГОРЧЕ, ОПШТИНА ДЕБАР

### Член 1

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Градиште" с.Могорчане, општина Дебар бр.24-458/1 од 18.01.2019 година, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги АС ГРАНУЛАТ ДОО експорт - импорт Струга, називот на втората договорна страна-Концесионерот се менува и гласи:

„2. Друштвото за трговија и услуги ДИГИПС ДОО Дебар
со адреса: Ул.Ленинова бр.29 Дебар,
Република Северна Македонија
застапувано од лицето: Ваљон Аџиреџа
(во натамошниот текст: Концесионер)".

Член 2

Овој анекс на договор е составен во седум (7) еднообразни примероци од кои по четири (4) примероци за Концедентот и по три (3) примероци за Концесионерот.

Член 3

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Градиште" с.Могорчане, општина Дебар бр.24-458/1 од 18.01.2019 година, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги АС ГРАНУЛАТ ДОО експорт - импорт Струга.

Член 4

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Градиште" с.Могорчане, општина Дебар бр.24-458/1 од 18.01.2019 година, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги АС ГРАНУЛАТ ДОО експорт - импорт Струга остануваат во сила, непроменети.

За Концедентот
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕР ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ
Сања Божиновска

За Концесионер
Друштво за трговија и услуги
ДИГИПС ДОО Дебар
Ваљон Аџиреџа

Изработил: Fatmir Shaqiri
Контролирал: Кика Шпритова
m-r Jeton Kuçi
Проверил:Филип Петровски
Одобрил: Горан Јовановски